РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-299/2
01-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница прво продолжение, одржана на ден 30.01.2024 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 9173/1 од 04.11.2022 година, оформен , оформен по пријава со наводи за пречекорување на службеното овластување од страна на лицето Даниел Кралев директор во ООУ ,,Св Кирил и Методиј" Кочани, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, од причина што по предметните наводи постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-9173/1 од 04.11.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден од 04.11.2022 година, поднесена е пријава врз која се изнесени наводи за пречекорување на службеното овластување од страна на лицето Даниел Кралев директор во ООУ ,,Св Кирил и Методиј" Кочани.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет ДКСК со барање за доставување податоци и информации бр.12-5580/1 до Државниот просветен инспекторат побара да постапи согласно своите надлежности и да изврши вонреден инспекциски надзор во ООУ ,,Св.Кирил и Методиј" Кочани по наводите од пријавата и до ДКСК да достави копија од Записникот за извршениот надзор со информација за евентуално преземените мерки и атиновсти по однос на утврдената фактичка состојба.

По доставеното барање, од страна на Државниот просветен инспекторат добиен е одговор во кој не известува дека од инспекциските надзори се составени Записници со бр. Ип1 09-07, Ип1 09-07 од 17.02.2023 година и Записник со бр. Ип109-08 од 15.02.2023 година и за утврдените наводи се известени надлежни институции и тоа Основно јавно обвинителство – Кочани и Градоначалник на општина Кочани.

При надлежното постапување по предметниот случај, ДКСК констатира дека по предметните наводи постапува надлежен орган.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

**Одобрил:** м-р Г.Т Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk